# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| Службен Гласник на<br>Општина Ѓорче Петров<br>Излегува по потреба | 24 Декември 2018 година<br>Скопје<br>Бр.18 Год. XIII |
|---|---|



www.opstinagpetrov.gov.mk kontakt@opstinagpetrov.gov.mk

Издавач: Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бр.73
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и
работа со Советот
тел. 02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/2033-309


***Содржина:***


1. **Одлука за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на административно-деловна зградаво Општина Ѓорче Петров ........................................стр.2**
2. **Одлука за давање согласност за пренос на договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на административно-деловна зграда и подземен паркинг простор и сите дополнително склучени анекс договори .................................................................................................... стр.4**


**Декември 2018 година**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на административно-деловна зградаво Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на административно-деловна зграда во Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесет и првата седница на Советот, одржана на ден 24.12.2018 година.

**Број 09-4702/1**
**од 24.12.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен Весник на Република Македонија„ број 05/02), а во врска со член 59 од Законот за градење ("Службен весник на РМ" бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12 и 25/13) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општината "Ѓорче Петров" - Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13), Статутарната одлука за измена и дополнување на статутутот на Општина Ѓорче Петров „Службен Весник" бр 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 21-та седница, одржана на ден 24.12.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на Административно-деловна зграда во Општина Ѓорче Петров**

**Ч л е н 1**

Со оваа Одлука инвеститорите по основ на Јавно приватно партнерство Општина Ѓорче Петров и Друштвото за градежништво, транспорт и трговија Трансмет ДОО Скопје, се ослободуваат од плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште за изградба на објект Административно-деловна зграда во Општина Ѓорче Петров, на КП 6221/1 КО Ѓорче Петров 6, КП 6203/3 КО Ѓорче Петров 4-Влае и КП 13556/2 КО Ѓорче Петров 4-Влае, за нето површина од 26,75 м2, за делот од надоместокот во висина од 40% наменет за Општина Ѓорче Петров – Скопје, односно во износ од 69,556.00 денари.

**Ч л е н 2**

Разликата за површината се јавува при упис во Агенција за катастар на недвижности, за прва фаза на градба на административно-деловната зграда, ГП 2.2.4, на КП 6221/1 КО Ѓорче Петров 6 и КП 6203/3 КО Ѓорче Петров 4, комплекс 18/3.

Уредувањето на градежното земјиште ќе биде на товар на инвеститорите.

**Ч л е н 3**

Одлуката стапува во сила на денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-4640/3**
**од 24.12.2018 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за давање согласност за пренос на договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на административно-деловна зграда и подземен паркинг простор и сите дополнително склучени Анекс договори**

Се објавува Одлуката за давање согласност за пренос на договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на административно-деловна зграда и подземен паркинг простор и сите дополнително склучени Анекс договори, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесет и првата седница на Советот, одржана на ден 24.12.2018 година.

**Број 09-4702/2**
**од 24.12.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 42 став 1 и 3 од Законот за концесии и јавно приватно партнератво (Службен Весник на РМ бр. 6/2012; 144/2014; 33/2015; 104/2015; 215/2015), член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на Република Македонија" бр. 05/02) и член 16 став 1 точка 10 од Статутот на Општината "Ѓорче Петров" - Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13), Статутарната одлука за измена и дополнување на статututот на Општина Ѓорче Петров „Службен Весник" бр 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 21-та седница, одржана на ден 24.12.2018 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање согласност за пренос на договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на административно-деловна зграда и подземен паркинг простор и сите дополнително склучени анекс договори**

**Член 1**

Јавниот партнер општина Ѓорче Петров **е согласен**, да се изврши пренос на Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на административно-деловна зграда и подземен паркинг простор број 03-121/19 од 26.06.2013 година, солемнизиран кај нотар Мери Весова заведен под ОДУ број 414/13, како и дополнително склучените анекс договори кон основниот договор и тоа:

-Анекс-договорот број 03-255/1 од 29.01.2015 година, солемнизиран кај нотар Мери Весова заведен под ОДУ број 31/15;

-Анекс-договорот број 03-1214/1 од 26.04.2017 година, солемнизиран кај нотар Владимир Голубовски под број ОДУ 54/17;

-Анекс-договорот број 03-1790/5 од 04.10.2017 година, солемнизиран кај нотар Владимир Голубовски под број ОДУ број 126/17;

-Анекс-договорот број 03-617/1 од 16.02.2018 година, солемнизиран кај нотар Мери Весова на ден 19.02.2018 година, заведен под ОДУ број 144/18;

-Анекс-договор број 03-999/1 од 15.03.2018 година, солемнизиран од нотар Мери Весова заведен под ОУД број234/18 од 19.03.2018 година;

-Анекс-договор број 03-999/2 од 18.04.2018 година, солемнизиран од нотар Мери Весова заведен под ОУД број335/18 од 19.04.2018 година;

-Анекс-договор број 03-1880/2 од 31.05.2018 година, солемнизиран од нотар Мери Весова заведен под ОУД број 499/18 од 31.05.2018 година и

-Анекс-договор број 03-3810/2 од 31.10.2018 година, солемнизиран од нотар Мери Весова заведен под ОУД број 973/18 од 08.11.2018 година.

Договорот за воспоставување ана јавно приватно партнерство и сите дополнително склучени договори се пренесува со сите права и обврски кои произлегуваат од истите, од Приватниот партнер Друштвото за градежништво транспорт и трговија ТРАНСМЕТ ДОО Скопје, на Друштвото за трговија и услуги ЕЛКОС ГРУП ДОО експорт-импорт Скопје, како нов Приватен партнер, со седиште на ул.„Втора Македонска Бригада " број 14/3 општина Бутел, со ЕМБС:6815332, согласно тековната состојба од Централниот регистар на Република Македонија.

**Член 2**

Со преносот на Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на административно-деловна зграда и подземен паркинг простор и Анекс-договорите опишани во член 1 од оваа Одлука, новиот патнер Друштвото за трговија и услуги ЕЛКОС ГРУП ДОО експорт-импорт Скопје, стекнува својство на Приватен патнер согласно условите предвидени во тендерската документација при изборот на најповолен понудувач за доделување на договорот за јавно приватно партнерство при што ги превзема сите права и обврски кои произлегуваат од Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на административно-деловна зграда и подземен паркинг простор и сите дополнително склучени анекси, како спрема Јавниот партнер така и спрема трети лица кои имат стекнати свои права и обврски од наведените договори.

**Член 3**

Се овластува градоначалниот на општина Ѓорче Петров, да може во име на општината да склучи договор со Приватниот партнер на кој се пренесува договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство и анекс-договорите опишани во член 1 од ова одлука.

Со договорот по детално да бидат утврдени меѓусебните права и обврски на Јавниот партнер општина Ѓорче Петров и новиот Приватен партнер Друштвото за трговија и услуги ЕЛКОС ГРУП ДОО експорт-импорт Скопје, посебно во делот на рокот за конечна изградба на објектот предмет на ЈПП, стасаните а не наплатени обврски спрема Јавниот партнер, како и гаранциите за навремено и квалитетно завршување на градежните работи.

**Член 4**

Новиот Приватен партнер по склучувањето на договорот со Јавниот партнер може да бара од Јавниот партнер да се извршат измени и дополнување на одобрението за градење при што наместо досегашниот Приватен партнер Друштвото за градежништво транспорт и трговија ТРАНСМЕТ ДОО Скопје, да стои новиот Приватен партнер Друштвото за трговија и услуги ЕЛКОС ГРУП ДОО експорт-импорт Скопје и измената и дополнувањето да се прибележат во Агенцијата за катастар на недвижности Скопје.

**Член 5**

Новиот Приватен партнер се обврзува делот кој што треба да припадне на Јавниот партнер т.е општина Ѓорче Петров, да го изгради и опреми со мебал и друга опрема најдоцна до 31.5.2019 година, а делот кој треба да припадне на Приватниот партнер да биде изграден до 31.12.2019 година.

**Член 6**

Приватниот партнер се обврзува да достави безусловна банкарска гаранција од овластена банка на износ од 300.000 евра.

Приватниот партнер е должен во рокот и износот утврден во член 26 од основниот договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградаба на административно деловната зграда и подземен паркинг простор, да достави гаранција за гарантниот период за покривање на недостатоците на изведените градежни работи за време на гарантниот период за административниот дел од објектот-сопственост на Јавниот партнер, со рок на важење од најмалку 2 години сметано од денот на издавањето.

**Член 7**

Приватниот партнер **Друштво за трговија и услуги ЕЛКОС ГРУП ДОО експорт-импорт Скопје,** согласно Анекс-договор број 03-3810/2 од 31.10.2018 година, солемнизиран од нотар Мери Весова заведен под ОУД број 973/18 од 08.11.2018 година и Налогот за извршување И.бр. 1575/18 од 05.12.2018 година, на извршителот Горан Станковиќ од Скопје, има обврска на Јавниот партнер општина Ѓорче Петров да му ги исплати скедните износи и тоа:

-390.000 евра на име договорна казна и 134.000 денари на име трошоци за извршување веднаш по потпишувањето на договорот;

-934.000 евра на име договорна казна, ќе бидат исплатени од страна на приватниот партнер на рати по барање на Јавниот партнер.

**Член 8**

По стапувањето во сила на оваа Одлука, престанува да важи одлуката за давање согласност за пренос на договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на административно-деловна заграда и подземен паркинг простор и сите дополнително склучени анекс договори, број 08-1351/4 од 17.04.2018 година, објавена во „Службен Гласник на општина Ѓорче Петров“ .

**Член 9**

Одлуката стапува во сила на денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-4640/4**
**од 24.12.2018 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**